**Основен суд Охрид**
**Су – 04 бр. 2/22**
**13.01.2022 год.**
**О х р и д**

Врз основа на чл.18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба(„Сл.весник на РМ„ бр.43/15,98/15, 33/15,6/16 и 198/18 ) во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи, Основен суд Охрид објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2022

- За вработување на судски службеници и лица кои вршат технички-помошни работи на **определено време** за следните работни места:

1. **Самостоен судски референт- водител на писарница категорија „Г” ниво „Г-1” - 2 (двајца) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.

***Работно искуство:*** најмалку 3 години работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 21.500,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови : од понеделник до петок.

**2. Самостоен судски референт- технички секретар на претседателот, категорија „Г„ ниво „Г-1„ - 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.

***Работно искуство:-*** најмалку 3 години работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 21.500,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови : од понеделник до петок.

3. **Виш судски референт- извршител во писарница категорија „Г„ ниво „Г-2„ - 2(два) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.

***Работно искуство:*** најмалку 2 години работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 20.000,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот;Работни денови : од понеделник до петок.

4. **Судски референт- извршител во писарница – дактилограф, категорија „Г„ ниво „Г-3„ - 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.

***Работно искуство:*** - најмалку 1 година работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 19.000,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови : од понеделник до петок.

5. **Помлад судски референт- извршител во писарница - категорија „Г„ ниво „Г-4„ - 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.

***Работно искуство:*** - не се бара работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 18.500,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови : од понеделник до петок.

6. **„Хигиеничар – 2 (два) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:*** Стекнато средно образование

***Работно искуство:-*** Со или без работно искуство во струката.

Платата на вработениот ќе изнеусва 15.500,оо денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 15:00 до 21:00 и од 6,00 – 8,00. Дневна пауза од 17:30 до 18:00 часот. Работни денови : од понеделник до петок.

**Сите кандидати треба да ги исполнуваат следните :**

***Општи услови:***

- да е државјанин на Република Македонија

- активно да го користи македонскиот јазик

- да е полнолетен

- да има општа здравствена способност за работното место

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Основен суд Охрид на приемна писарница или да ја симнат од веб страната на судот www. osohrid.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, читливо, прецизно и со точни податоци.

Рокот за пријавување трае 5 (пет) дена сметано од денот на последното објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови ( за стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции ) кандидатите се должни да ги достават непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака за Оглас бр. 1/2020, на следната адреса:

Основен суд Охрид , Бул. „ Македонски просветители„ бр. 8,

ОСНОВЕН СУД ОХРИД